ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-364/13**

**Дата: 14.04.2011**

**ДО**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**ОПШТИНИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје за 2009 година.

Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за усогласеност на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на извршената ревизија и резултатите од ревизијата ние изразивме заклучок со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата беа опфатени Општините во Градот Скопје и Градот Скопје и се констатира дека администрирањето со комуналните такси во најголем дел е во надлежност на администрацијата во Градот Скопје.
Со извршената ревизија утврдени се неправилности во делот на целосна и навремена наплата на приходите по основ на комунални такси и усогласеност со законските прописи, и тоа:

- ненавремено издавање на одобренијата за вршење дејност на јавни површини пред деловните објекти;
- ненавремена и нецелосна наплата на комуналната такса за користење на простор за паркирање, комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и

мотоцикли и комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- ненавремено доставување до Општините во Градот Скопје на документација за издавање одобрение за вршење дејност и одобрение за поставување на подвижни објекти;
- немање пишани процедури за извршување на постапките за утврдување и наплата на дел од комуналните такси, и
- не се наплаќа комунална такса за користење на музика во јавните локали и користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба.

За констатираните неправилности дадени се препораки со цел подобрување на работењето, и тоа во насока на:
- навремено издавање на одобренијата за вршење дејност на јавни површини пред деловните објекти;
- преземање мерки во делот на навремена и целосна наплата на комуналната такса за користење на простор за паркирање, комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- до Општините во Градот Скопје навремено да се доставува документација за издавање одобрение, како би можеле инспекциските служби да имаат увид кој субјекти работат без да имаат одобрение, и
- изготвување пишани процедури за извршување на постапките за утврдување и наплата на дел од комуналните такси.

Во 2009 година надлежните од Градот Скопје најголем дел од активностите ги насочиле кон преземање мерки за средување на состојбите во врска со комуналнита такса за фирма, односно назив на деловна просторија, со достава на опомени и решенија за присилна наплата за обврзниците кои не ја извршиле обврската за плаќање на оваа комунална такса, а тоа во 2010 година резултирало со значајна наплата.
Ревизијата ги истакна и слабостите кај одделни тарифи на комунални такси со цел подобрување на законското решение и олеснета примена на истото.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје за 2009 година.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија и не е издаден извештај на усогласеност на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Законското утврдување и наплата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје е одговорност на раководството на Градот Скопје застапувано од:

- Коце Трајановски - градоначалник на Град Скопје во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна при спроведување на постапките за утврдување и наплата на приходите од комуналните такси ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за законското утврдување и наплата на приходите по основ на комунални такси од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува изразување заклучок за тоа дали утврдувањето и наплатата на приходите од комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје, во сите материјални аспекти се во согласност со одредбите од Законот за комуналните такси и Законот за Градот Скопје.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали утврдувањето и наплатата на приходите од комунални такси е во согласност со постојната

законска регулатива и да изрази заклучок за тоа дали истите, во сите материјални аспекти, се во согласност со наведените критериуми (Законот за комуналните такси и Законот за градот Скопје).

2.2. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека:

- утврдувањето и наплатата на комуналните такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје е обезбедено со соодветна законска регулатива;
- финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања во делот на искажаните сопствени приходи по основ на комуналните такси;
- општинските администрации и администрацијата на Градот Скопје располагаат со соодветен капацитет за имплементација на законската регулатива во сферата на утврдувањето и наплатата на комуналните такси.

Ревизијата вклучува идентификување на фазите од процесот на утврдувањето и наплатата на приходите по основ на комунални такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје, анализа на законската регулатива, како и процедури и постапки кои се извршуваат во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 13.12.2010 до 21.01.2011 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Основни податоци**

Ревизијата е извршена во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Извршен е увид во интерните акти и финансиските документи од областа на комуналните такси, направени се интервјуа со раководните лица и непосредните извршители за утврдувањето и наплатата на комуналните такси и тоа за:

- фирма, односно назив на деловна просторија;
- користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;
- користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност;
- истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- користење на музика во јавните локали;
- поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
- користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други

забавни приредби за вршење на дејност;
- користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;
- користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли;
- користење и одржување на јавно осветлување, и
- постоење на пишани процедури.

Утврдувањето и наплатата на комуналните такси во Градот Скопје и Општините во Градот Скопје се врши согласно Одлуката за висината на комуналните такси на Град Скопје и Општините во Градот Скопје кои се во согласност со Законот за комунални такси и Тарифата за комунални такси која е составен дел на Законот за комунални такси.

Приходите од комунални такси се регулирани и со Законот за Градот Скопје во кој е регулирано, дека Градот Скопје ја утврдува таксата за фирма, односно назив на деловни простории и таксата за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли, а остварените средства по овој основ се делат во соодност 50% за Градот Скопје и 50% во Заедничкиот фонд.

Исто така, Градот Скопје ја утврдува таксата за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба и таксата за користење на музика во јавните локали, а остварените средства по овој основ се делат во соодност 70% за Градот Скопје и 30% за Општините во Градот Скопје.

Градот Скопје и Општините во Градот Скопје во рамки утврдени со закон (Законот за комуналните такси), утврдуваат:
- такса за користење простор пред деловна просторија за вршење дејност;
- такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради, и
- такса за користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност.

Таксите остварени по овој основ се прибираат и се приход на Градот Скопје и Општините во Градот Скопје, во зависност од тоа кој е надлежен за одржување на јавниот простор што се користи.
Комуналните такси за:

- користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;
- користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли, и
- користење и одржување на јавно осветлување.

се утврдуваат во согласност со Законот за комуналните такси, а наплатата на таксата и уплатата на соодветната уплатна сметка на трезорската сметка за Општините во Градот Скопје и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата, ја вршат и тоа:

- правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг плацот;
- органот надлежен за регистрација на возилата, и
- трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија.

Во 2009 година од наплата на комунални такси остварени се вкупни приходи во износ од 356.916 илјади денари од кои: Градот Скопје остварил приход од 156.591 илјада денари, а Општините во Градот приходи во износ од 200.325 илјади денари.
Остварените приходи од комуналните такси за 2009 година на Градот Скопје и на Општините во Градот се презентирани во следниот графикон:

во 000 денари



## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот на Градот Скопје и раководителот на секторот за финансии и буџет одржан на 21.01.2011 година.

### 4.1. Интерни контроли во процесите

Во врска со интерните контроли кај процесот за утврдување и наплата на приходите по основ на комунални такси ревизијата констатира дека кај дел од процесите постојат пишани процедури и воспоставени се интерни контроли (комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија), кај дел нема пишани процедури (за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи, комунална такса за користење на плоштадите и друг простор), а за дел од комуналните такси, Градот Скопје и Општините во Градот Скопје примаат само средства, но немаат влијание на процесите во истите. Согласно Правилникот за организација и работа на Град Скопје воспоставени се организациони единици Одделение за комунални такси и Одделение за присилна наплата, но не се назначени раководители на овие одделенија. Истовремено, во рамки на Секторот – инспекторат на Град Скопје не се пополнети работните места за даночни инспектори, односно во Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси вработено е само едно лице овластен инспектор за комунални и други такси. Ваквата кадровска екипираност има влијание на наплатата на приходите по основ на комунални такси и создава ризик од неточна, нецелосна и ненавремена наплата на комуналните такси.

**Препорака:**
Да се донесат пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените при утврдување и наплата на:

- комуналните такси за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност и поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
- комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи, и
- комуналната такса за користење на плоштадите и друг простор.

Да се пополнат раководните работни места во наведените одделенија и да се преиспита бројот на инспектори за комунални такси.

### 4.2. Комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија

4.2.1. Обврзници на такса за фирма се правни лица и трговци поединци кои имаат регистрирано фирма на подрачјето на Град Скопје.

Согласно Законот за Градот Скопје, утврдувањето и наплатата на овој вид комунална такса е во надлежност на Градот Скопје.
Согласно Законот за комуналните такси, Градоначалникот на Градот Скопје на обврзниците на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија им издава решение за висината на таксата најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува таксата.
Од извршениот увид на документацијата во врска со овој вид на комунална такса се констатира дека:

- доставата на решенијата за комунална такса за фирма за 2009 година започнала на 21.09.2009 и завршила на 16.10.2009 година, а се вршела преку фирма со која Градот Скопје претходно склучил договор за вршење ваков вид на услуги. Од одговорните лица во Градот ревизијата доби образложение дека одложувањето на доставата во законскиот рок се должи на претходно настанати проблеми со печатењето, ковертирањето и доставата на решенијата од страна на фирмата. Со цел да се зголеми процентот на доставени решенија, фирмата прифатила да изврши достава по втор пат. Исто така во јавните медиуми Градот Скопје објавил јавен повик до обврзниците кои немаат добиено решение да се обратат во Секторот за финансии. Ненавременото утврдување на комуналната такса и доставата на решенијата не е во согласност со член 15 од Законот за комунални такси;
- од страна на фирмата задолжена за печатење, ковертирање и достава на решенијата за комунална такса за фирма доставени се извештаи за извршување на целокупниот процес на достава на решенија за тековната 2009 година и на опомени за 2006, 2007 и 2008 година. За првпат во 2009 година решенијата се печатени со код за да вчитувањето на доставените решенија се изврши електронски и се овозможи сортирање на недоставените решенија. Надлежните во Градот Скопје се известени за следниве проблеми со кои фирмата се соочувала при достава на решенијата: голем број од фирмите се регистрирани на домашна адреса, обврзникот не бил присутен кога доставувачот го доставувал решението, при што доставницата останува непотпишана, решенијата се дистрибуирале на непозната адреса или податоците за адресата на фирмите биле недоволни. Ваквите причини влијаеле процентот на доставени решенија да изнесува 58% од вкупниот број на издадени решенија за 2009 година.

Горенаведените состојби претставуваат причини за нецелосна наплата на овој приход за 2009 година и влијаат на помалку остварени приходи во корист на буџетот на Градот Скопје и Општините во Градот Скопје.

Наплатата на комуналните такси ја следат лица од Секторот за финансии. Од направените разговори и увидот во документацијата, ревизијата заклучи дека за фирмите кои не плаќаат комунална такса за фирма во законскиот рок не се преземени мерки за присилна наплата во 2009 година. Во текот на 2010 година се

преземени мерки за присилна наплата и со присилна наплата се наплатени и побарувања од минати години.

Остварените приходи од комуналнита такса за фирма, односно назив на деловна просторија за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и Општините во Град Скопје се презентирани во следниот графикон:




**Препорака:**
За навремено доставување на решенијата по основ комунална такса за фирма да бидат преземени сите законски мерки во однос на доставата што ги нуди Законот за општа управна постапка.

**4.3. Комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба**

4.3.1. Градот Скопје нема изготвено и донесено акт со кој на подрачјето на Градот го одредува земјиштето за кампирање, организаторот на кампирањето, времето за кое земјиштето може да се користи за кампирање и минималните технички услови кои мора да бидат исполнети, обврска која произлегува од членовите 42 и 44 од Законот за угостителската дејност. Во изминативе години организиран камп во кој граѓаните закупуваат и користат земјиште за поставување камп приколки, шатори и друга соодветна опрема за сместување на отворен простор претставува Спортско рекреативен центар „Езеро Треска" со кој раководи и стопанисува Јавното претпријатие „Паркови и зеленило" – Скопје, основано од страна на Градот. И покрај тоа што претпријатието до септември 2009 година остварило приходи по основ на закуп на земјиште за лоцирање на приколки во износ од 1.952 илјади денари, а до септември 2010 година во износ 1.977 илјади денари, од извршениот

увид на документацијата ревизијата констатира дека ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје не пресметува и наплатува такса од граѓаните за деновите кога го користат кампот, што не е во согласност со тарифен број 2 од член 20 од Законот за комуналните такси.
Ваквите состојби влијаат на помалку остварени приходи во корист на буџетот на Градот Скопје.

**Препорака:**
Даночното одделение и Одделението за комунални дејности со цел да обезбедат точна пресметка и комплетна наплата на комуналните такси да ги преземат следниве активности:

- да се задолжи ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје кое стопанисува со СРЦ „Езеро Треска" да пресметува, наплатува и врши уплата на таксата за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба во корист на Градот Скопје, и
- инспекторатот на Градот Скопје да врши редовни контроли дали ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје ја исполнува својата законска обврската за наплата на комуналната такса и уплата во корист на соодветната уплатна сметка.

**4.4. Комунална такса за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност**

4.4.1. Согласно Законот за комуналните такси наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за Општините во Градот Скопје и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата. До 2009 година секоја од Општините на Градот Скопје ја воделе постапката, издавале одобрение и наплатувале комунална такса.
Од 2009 година согласно склучени договори помеѓу градоначалникот на Градот Скопје и градоначалниците на Општините во Градот Скопје, надлежноста за постапката и издавањето на Одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини (витрини, маси, столици, чадори и др.) заради вршење на дејност пред и надвор од деловните простории, е пренесена на Градот Скопје. Остварените приходи по основ на комуналната такса се делат во соодност 50% за Градот Скопје и 50% за Општините во Градот Скопје. Според договорите обврска на Градот Скопје е комплет документација за издавање одобрение (пресметка, заверен елаборат за користење на јавната површина, одобрение за вршење дејност и одобрение за поставување на подвижни објекти) најкасно до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец да достават до Општините на чија територија се користи јавната површина.

Од извршениот увид на документацијата во врска со овој вид на комунална такса се констатира дека:

- во 2009 година во најголем број случаи користењето на простор пред деловните простории за вршење на дејност, отпочнува од почетокот на месец април и трае до крајот на месец октомври;
- барањата за користење простор пред деловните простории за вршење на дејност од барателите се доставувани после почетокот на почнувањето на користење на просторот;
- се издава одобрение за вршење дејност пред деловниот објект, но не и одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини (витрини, маси, столици, чадори и др.) што не е во согласност со членот 6 став 2 од Одлуката за користење на јавни површини во градот, што е исправено во 2010 година кога се издава и одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини;
- одобренија се издадени во месец јуни, јули, односно покасно од почетокот на користењето, што наведува на констатацијата дека вршено е користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност без одобрение;
- дел од одобренијата се издадени пред да се плати комуналната такса што е спротивно на Законот за комуналните такси;
- до Општините во Градот Скопје ненавремено се доставува документација за издавање одобрение (пресметка, заверен елаборат за користење на јавната површина, одобрение за вршење дејност и одобрение за поставување на подвижни објекти).

Причини за таквите состојби се непреземање активности за известување на заинтересираните субјекти навремено да достават барање за издавање одобрение за користење јавна површина за вршење дејност, недоволниот број на ангажирани лица, едно лице за изготвување на потребната документација (пресметка на комуналната такса, изготвување одобренија и т.н.), невоспоставена контрола во процесот на издавање на одобренијата и не донесените пишани процедури. Како ефект на ваквите состојби е постоење ризик од ненавремена наплата на приходите по овој основ.

Остварените приходи од комунална такса за користењето на простор пред деловните простории за вршење на дејност за 2007, 2008 и 2009 година на Градот Скопје и Општините во Градот се презентирани во следниот графикон:




Високиот износ на наплатени приходи во 2009 година кај Градот Скопје се должи на пренесената надлежност, за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини (витрини, маси, столици, чадори и др.) заради вршење на дејност пред и надвор од деловните простории.

**Препорака:**
Градоначалникот на Градот Скопје преку надлежните од Секторот за урбанизам и планирање на просторот да преземе активности:

- за навремено повикување на заинтересираните субјекти кои имаат потреба од користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност за доставување барање со потребната документација, на почетокот на тековната година;
- во периодот на издавање на одобренијата зголемување на бројот на вработените за разгледување на барањата за навремено извршување на работите околу изготвување на пресметка за плаќање комунална такса, како би можело странките да извршат плаќање и навремено, пред почетокот на користењето да добијат одобрение за тоа;
- до Општините во Градот Скопје навремено да се доставува документација за издавање одобрение, со цел инспекциските служби да имаат увид кој субјекти работат без одобрение.

### 4.5. Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места

4.5.1. Обврската за комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Законот за комуналните такси се пресметува врз основа на

поднесена пријава на обврзникот пред истакнувањето на рекламата, односно огласот, а се плаќа веднаш.
Градот Скопје и Општините во Градот во рамките утврдени со закон ја утврдуваат таксата за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во зависност од тоа кој е надлежен за одржување на јавниот простор што се користи.
Од извршените разговори и прибраната документација ревизијата утврди дека само Градот презел надлежност да утврдува, пресметува и наплатува приходи по овој основ бидејќи најголемиот процент од рекламните објекти се поставени на магистрални и собирни улици во градот.
Согласно член 41 став 4 од Законот за јавни патишта и член 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Секторот за сообраќај во Градот Скопје е надлежен и издава дозволи за поставување на рекламни паноа на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците низ градот. Воспоставени се разграничени надлежности во утврдувањето на приходот кои обезбедуваат точна пресметка на комуналната такса за истакнување на реклами.
Од увидот во приложената документација, ревизијата утврди дека е воспоставена пракса пресметките за комунална такса за истакнување на реклами да се изготвуваат по завршување на периодот на вршење дејност рекламирање, што не е во согласност со член 7 и 14 од Законот за комунални такси, обврска која се пресметува врз основа на пријавата на обврзникот која се поднесува пред истакнувањето на рекламата, односно огласот, а се плаќа веднаш.
Исто така, на ревизијата не и беа презентирани докази и документација од страна на одговорните лица за направените контроли и утврдениот број на рекламни паноа на терен од аспект на тоа да се утврди дека за сите поставени реклами е пресметан и наплатен надоместок, што претставува ризик од нецелосна наплата на овој приход и влијае на помалку остварени приходи во корист на буџетот на Град Скопје.
Наплатата на комуналните такси ја следат лица од Секторот за финансии. Од направените разговори и увидот во документацијата, ревизијата заклучи дека за фирмите кои не плаќаат во законските рокови се преземени мерки за присилна наплата на ненаплатените побарувања според евиденција во даночното одделение. Во текот на 2009 година со присилна наплата се наплатени приходи во вкупен износ од 2.336 илјади денари, а во текот на 2010 година приходи во вкупен износ од 1.792 илјади денари.

Остварените приходи од комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и Општините на Градот Скопје се презентирани во следниот графикон:




Со преземање на мерки за присилна наплата се зголемени приходите кај Градот по овој основ.

**Препорака:**
Градоначалникот на Град Скопје и градоначалниците на Општините во Градот преку надлежните од Секторот за урбанизам и планирање на просторот да ги преземат следните активности:

- Градот Скопје да донесе интерен акт за поставување на самостоечки рекламни паноа согласно член 37 од Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Градот Скопје;
- пресметките за комунална такса за истакнување на реклами да се изготвуваат навремено во моментот на користење на правото и да се пресметува за сите обврзници, и
- одговорните лица да изготвуваат извештаи за направените контроли и утврдениот број на рекламни паноа на терен.

**4.6. Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради**

4.6.1. Од извршениот увид на документацијата во врска со овој вид на комунална такса се констатира дека барањата се доставувани после почетокот на користење на просторот, се издава одобрение за вршење дејност пред деловниот објект но не и одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини, дел од одобренијата се издадени пред да се изврши плаќањето на комуналната такса, до Општините во Градот Скопје ненавремено се доставува документација за издавање одобрение.

Остварените приходи од комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и Општините на Град Скопје се презентирани во следниот графикон:




**Препорака:**
Градоначалникот на Градот Скопје преку надлежните од Секторот за урбанизам и планирање на просторот да преземе активности и тоа за:

- навремено да се известат заинтересираните субјекти кои имаат потреба од користење на простор за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
- да се зголеми бројот на вработените за разгледување на барањата за навремено извршување на работите околу изготвување на пресметка за плаќање комунална такса, како би можело странките да извршат плаќање и навремено, пред почетокот на користењето да добијат одобрение за тоа, и
- до Општините во Градот Скопје ненавремено да се доставува документација за издавање одобрение, со цел инспекциските служби да имаат увид кој субјекти работат без одобрение, и
- да се донесат пишани процедури за извршување на работите, постапките за утврдување и наплата на комуналната такса.

### 4.7. Комунална такса за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност

4.7.1. За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и

забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м$^2$ дневно согласно Одлуката за висината на комуналните такси на Град Скопје и Општините во Градот Скопје (од 3 до 7 денари).

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за Општините во Градот Скопје, односно за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата.

Од извршениот увид на документацијата во врска со овој вид на комунална такса се констатира дека:

- приходи по овој основ во 2009 година има остварено само Градот Скопје и тоа најмногу за користење на плоштадот Македонија, плоштадот Пела и зелени површини во градскиот парк, тврдината Кале и слично;
- кај дел од барањата за кој е издадено одобрение за користење и решение за комунална такса, (привремени фотографски студија за фотографирање за новогодишните празници, дрвени куќички за кафе бар, продажба на честитки и слично) пресметувањето на комуналната такса е извршено за поголеми јавни површини од наведените во барањата и во издадените одобренија. Причина за тоа, според информациите добиени од надлежните во Градот Скопје, е фактот што се користи поголем простор од површината на која се поставени објектите, поради посета на заинтересирани лица. Од надлежните во Градот не се утврдени критериуми кога и како ќе се утврдува сооодветната површина за пооделни настани, туку се решава од случај до случај.

Остварените приходи од комунална такса за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и на Општините на Градот Скопје се презентирани во следниот графикон:




**Препорака:**
На основа досегашните искуства, надлежните служби да изготват акт, со утврдени критериуми и нормативи за тоа колку површина е потребна за користење за пооделни манифестации, настани.

**4.8. Комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината**

4.8.1. За овој вид на комунална такса надлежните во Општините и Градот немаат увид на точноста и навременоста на уплатата на средствата по овој основ, туку само евидентираат приходи за уплатените парични средства.
Утврдувањето и наплатата на овој вид на комунална такса ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг плацот и истото е должно уплатата на комуналната такса да ја изврши на соодветната уплатна сметка на трезорската сметка за Општините во Градот Скопје и за Градот на чие подрачје е извршена наплатата.
Од страна на Советот на Град Скопје, организирањето и одржувањето на паркинг плацови е доверено на ЈП „Градски паркинг„ Скопје кој стопанисува со вкупно 35 паркинг простори кои функционираат по принципот на јавни паркиралишта, организирани во подсистеми за зонско и вонулично паркирање.
Според информациите со кој располага Секторот за сообраќај, на подрачјето на Градот, организирани по принципот на јавни паркиралишта функционираат 14 паркинг простори со кој стопанисуваат други субјекти. За овие субјекти од страна на Градот Скопје не е издадена дозвола за вршење дејност паркирање.
Од извршениот увид на документацијата за наплата на овој вид на комунална такса се констатира дека во 2009 година Градот Скопје има наплатен износ од 1.595

иљјади денари. ЈП Градски паркинг Скопје, чиј основач е Градот, не учествува во оваа сума, односно нема платено комунална такса. Комуналната такса ја платиле шест други субјекти кои стопанисуваат со паркинг простори без дозвола/одобрение.
Во 2008 година, од страна на комуналниот инспектор на Градот е извршена контрола на пресметувањето и плаќањето на комуналната такса кај ЈП "Градски паркинг„ Скопје за период од 01.01.2007 до 31.10.2008 година, при што е утврдено пресметана, а не уплатена комунална такса во износ од 31.532 илјади денари. На основа наодот од записникот донесено е решение за плаќање и до Основниот суд Скопје 1 е доставено барање за поведување на прекршочна пријава, по кое до денес нема известување.
Во врска со констатираниот долг склучена е спогодба помеѓу градоначалникот (на основа овластување од советот) и директорот на јавното претпријатие, со која е договорено истиот да се плати во период од јануари 2010 до декември 2013 година, на сметката на буџетот на Град Скопје. По оваа спогодба до денот на ревизијата немаше извршено плаќање.

**Препорака:**

- Градоначалникот на Град Скопје преку надлежните од Секторот за сообраќај да преземат мерки за регулирање на состојбите во делот на функционирањето на јавните паркиралишта кои немаат дозвола/одобрение за вршење на дејност паркирање, односно кои немаат одобрение за организирање и одржување на паркинг плацовите.
- надлежните инспекциски служби да преземат мерки за редовно вршење на контроли со цел остварување на навремена и целосна наплата на комуналната такса.

Остварените приходи од комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината за 2007, 2008 и 2009 година на Општините во Градот и на Градот Скопје се презентирани во следниот графикон:




### 4.9. Комунална такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли

4.9.1. Согласно Законот за комуналните такси и Тарифата за комуналните такси која е составен дел на законот, наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата, односно правните лица овластени за вршење регистрација на возилата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за Општините во Градот и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата, а согласно Законот за Градот Скопје остварените средства по овој основ се делат во сооднос 50% за Градот Скопје и 50% во Заедничкиот фонд.

Во врска со оваа комунална такса надлежните во Општините и Градот немаат увид на точноста и навременоста на уплатата на средствата по овој основ, туку само евидентираат приходи за уплатените парични средства.
Во рамки на Секторот Инспекторат на Град Скопје, Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други видови такси, само едно лице е вработено како даночен инспектор, кое е овластено за надзор на пресметувањето и плаќањето на комуналните такси од страна на обврзниците.

На почетокот на 2010 година од страна на комуналниот инспектор на Градот е извршена контрола на дел од субјектите кои вршат регистрација на моторни возила и е констатирано дека истите не вршат целосно и навремено плаќање на комуналната такса. Констатиран е вкупен износ на неплатена комунална такса од 17.688 илјади денари. Од страна на обврзниците за плаќање на неплатениот износ е побарано плаќањето да се изврши на одложено на повеќе рати. На основа тоа од страна на инспекторот е составен нов записник со кој се овозможува плаќање на

повеќе рати (5 и 6 месеци) , како што е побарано од обврзниците, по што е извршено плаќање.

4.9.2. Согласно Законот за јавните патишта и Правилникот за распределба на средствата на Општините, односно Градот Скопје, од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилата, за да се изврши правилна распределба на средствата собрани од комуналната такса, Општините до Агенцијата за државни патишта најдоцна до 31 декември во тековната година, треба да достават податоци согласно членот 5 од Правилникот (вкупен број на регистрирани моторни возила во општината; должина на категоризирани општински патишта; должина на улици и тоа: магистрални, собирни, сервисни и стамбени; број на жители според податоците од пописот и површина на општината согласно Законот за територијална поделба). Тоа не се практикува и општините немаат доставено такви податоци до Агенцијата за државни патишта кои има за ефект нецелосни приходи по основ на оваа комунална такса.

Остварените приходи од комунална такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и на Општините на Градот Скопје се презентирани во следниот графикон:




Намалувањето на приходите се должи на нередовната и ненавремена уплата на средствата од правните лица овластени за вршење регистрација на возилата.

**Препорака:**

- надлежните инспекциски служби да преземат мерки за редовно вршење на контроли со цел остварување на навремена и целосна наплата на комуналната такса, а во договор со субјектите кои вршат наплата на оваа комунална такса да добиваат месечен извештај за наплатата на истата и
- до Агенцијата за државни патишта најдоцна до 31 декември во тековната година да се доставуваат податоците од членот 5 од Правилникот за распределба на средствата на Општините.

**4.10. Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

4.10.1. На барање на ревизијата не добивме доказ од страна на одговорните лица во Градот дека е изработен и се применува акт со кој ќе се одреди начинот на користење на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Град Скопје, обврска која произлегува согласно член 15 од Законот за комуналните такси. Не донесувањето на ваков акт условува намалена транспарентност во работењето на службите на Градот и во трошењето на средствата по овој основ.

4.10.2. Од извршениот увид на документацијата во врска со овој вид на комунална такса ревизијата констатира дека одговорните лица во Секторот за финансии во Градот Скопје и Општините на Градот немаат увид на точноста и навременоста на уплатата на средствата по овој основ, туку само евидентираат приходи за уплатените парични средства. Истовремено, на ревизијата не и беа презентирани докази и документација дека ЕВН Македонија АД Скопје доставил:

- список на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно кој ЕВН Македонија АД Скопје треба да го достави најдоцна до 15-ти секој месец до секоја општина поединечно и до Градот, како и шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на застарена комунална такса која треба да се достави еднаш месечно;

обврска која произлегува согласно член 6 од склучениот Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје на 29 јануари 2008 година.

Не исполнувањето на обврските од страна на ЕВН Македонија АД Скопје условува немање увид на Градот Скопје и Општините на Градот во ажурноста и евиденцијата на наплатениот приход од комунална такса за улично осветлување, што влијае на обезбедувањето на точни податоци за евидентираните приходи во нивното сметководство.

Остварените приходи од комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување за 2007, 2008 и 2009 година на Градот и на Општините на Градот Скопје се презентирани во следниот графикон:




**Препорака:**
Градоначалникот на Град Скопје и градоначалниците на Општините во Градот преку одговорните лица во ЗЕЛС да преземат активности со цел да обезбедат почитување и реализација на обврските од склучениот Меморандум.
Градот Скопје да донесе акт со кој ќе одреди начинот на користење на средствата од комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување на подрачјето на градот Скопје согласно член 15 од Законот за комуналните такси.

**5. Ревизорски заклучок**

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека, освен за наодите од точките 4.2., 4.3., 4.4., 4.5., 4.6. и 4.9. утврдувањето и наплатата на комуналните такси е во согласност со одредбите од Законот за комуналните такси и Законот за градот Скопје.

**6. Системски слабости**

6.1. Според Законот за комуналните такси комунална такса се плаќа за секоја фирма, односно назив на деловна просторија. Со ваквото законско решение обврзници на комунална такса се сите регистрирани фирми без разлика дали се активни, дали имаат жиро сметки, дали обавуваат одредена дејност и остваруваат приходи и без разлика на големината на субјектот. Како ефект на ваквата состојба се ненаплатените побарувања по основ на комунална такса за фирма кои од

година на година се зголемуваат и при присилна наплата нема можност да се наплатат. За подобрувањето на состојбата потребна е законски дефинирана обврска на усогласување на регистарот на обврзници на комунална такса на Градот со регистарот на Централниот регистар и Управата за јавни приходи во насока на поточна и веродостојна база/регистар на обврзници на комунална такса за фирма.

6.2. Во врска со комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност и поставување на подвижни објекти на јавни површини (витрини, маси, столици, чадори и др.), со цел подобрување на состојбата и поефикасна наплата на оваа такса да се иницира промена во законот со која издавањето на одобренијата да е во надлежност на Градоначалникот на Градот Скопје, за Градот и Општините во Градот Скопје, наместо сегашната пракса тоа да се врши со склучување на едногодишни договори помеѓу Општините и Градот за отстапување на надлежноста.
Ова од причина што со склучениот договор во 2009 година и пренесената надлежност на Градот Скопје од страна на Општините покажа поголема ефикасност во наплатата на оваа комунална такса кое го покажуваат и зголемените приходи по овој основ во 2009 година.

6.3. Според Законот за комуналните такси комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи се плаќа за временскиот период во кој се врши истакнувањето, без да се има предвид големината, односно димензиите на рекламата, објавата или огласот. Сметаме дека е потребна измена и дополнување на одредбите од Законот за комуналните такси во делот на тарифниот број 4 со цел да се вградат повеќе тарифи во зависност од видот на просторот за рекламирање, односно дали се работи за рекламни паноа, билборди, светлечки реклами, висечки панели, локацијата на поставениот објект на подрачјето на Градот и слично.
Таксата за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Законот се утврдува во еднаква висина за сите обврзници и се пресметува по број на рекламни места. Врз основа на собраните податоци и направени анализи, ревизијата заклучи дека ваквиот начин на пресметка најмногу го оптоварува обврзникот кој за вршење на дејноста за истакнување реклами на јавни места користи висечки рекламни панели и сајнбордови. Од друга страна, фирмите за рекламирање при формирање на цената за изнајмување на рекламни паноа и панели како параметри ги земаат димензиите на рекламната површина пресметана по метар квадратен и локацијата на поставениот објект во градот.

6.4. Согласно член 41 став 4 од Законот за јавни патишта и член 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Секторот за сообраќај во Градот Скопје е надлежен и издава дозволи за поставување на рекламни паноа на пешачки и

зелени површини во профилот на сообраќајниците низ градот. Во последните години рекламните паноа се поставуваат на секој слободен простор надвор од утврдениот со стандардите во Одлуката, вклучувајќи ги фасадите и покривите не само на станбените зградите, туку и на објектите кои со закон се прогласени за културно наследство. Освен за рекламите за сопствени потреби кои се поставени 10 до 15 метри пред деловна просторија на правни и физички лица, посебен проблем претставува одобрувањето и издавањето на дозволи за поставување на билборди и други рекламни објекти на градежно земјиште во приватна сопственост, за чие поставување општините на градот се уште немаат изготвено акт, ниту бараат дозвола, проект за градежна стабилност на објектот и друга потребна документација за нивно поставување. Истовремено за истакнатите реклами, објави и огласи на овие објекти постојното законско решение не пропишува утврдување на комунална такса. Ревизијата е на мислење дека обврска за пресметување на комунална такса треба да се пропише и за билборди и други рекламни објекти поставени на градежно земјиште во приватна сопственост. Ревизијата не беше во можност да го пресмета точниот износ на ненаплатениот приход по овој основ бидејќи ниту во Градот Скопје, ниту во Општините на Градот не располагаат со точен податок за вкупно поставени рекламни објекти на подрачјето на Град Скопје.

6.5. Градот Скопје не наплаќа комунална такса за користење музика во јавни локали. Во услови кога со постојните одредби во Законот за комуналните такси и Законот за угостителска дејност не е определен надлежен орган кој ќе издава одобрение за користење на музика и не е точно предвидено за каков вид на музика ќе се наплаќа такса, ревизијата утврди дека надлежните во Градот имаат потешкотии за да утврдат и наплатат такса за користење на музика во јавни локали од причина што обврзниците не поседуваат документ врз основа на кој треба да се утврди висината на таксата за времето за кое е одобрено користењето и видот на музика во јавни локали.
За подобрување на состојбата да се иницира измени и дополнување на одредбите од Законот за комуналните такси со цел законски да се определи надлежен орган кој ќе издава одобрение за користење на музика и законски да се предвиди за каков вид на музика ќе се утврдува и наплатува комунална такса.

6.6. Сегашното законско решение согласно тарифен број 8 предвидува плаќање на комунална такса за користење простор за паркирање и тоа: за дневно паркирање од 15 до 30 денари, за паркирање по саат од 10 до 20 денари и т.н. . ЈП „Паркинзи“ кое стопанисува со паркинг просторите на Градот Скопје му нема префрлено средства по основ на комунална такса на Градот Скопје. За подобрување на состојбата во наплатата на оваа комунална такса сметаме дека треба да се преиспита висината на истата. Со цел зголемена и редовна наплата на оваа такса без да се создаваат проблеми кај субјектите кои стопанисуваат со паркинг

просторите потребно е подобрување во насока на намалување на износот на комуналната такса, со што би се овозможило намалување и на цената за паркирање, редовно вршење на контрола и регистрирање на организаторите на паркинзите со цел легално извршување на дејноста, со поседување одобрение од градоначалникот на Градот Скопје и градоначалниците на Општините во Градот Скопје.

6.7. Во Законот за комуналните такси, со тарифен број 9 е пропишано наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила, да ја врши органот надлежен за регистрација на возилата (би требало да стои: наплатата ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возила) и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на Градот Скопје и Општините во Градот Скопје. Согласно законското решение не е пропишано во кои рокови ја уплатуваат таксата. За подобрување на состојбата во Законот е потребно да се наведе кога овие субјекти се должни да извршат уплата на средства од прибраната комунална такса или законското решение да е во правец плаќањето на оваа комунална такса да се врши при регистрацијата на моторните возила директно на соодветната/пропишана уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општините и Градот Скопје.

6.8. За подобрување на состојбата околу утврдувањето и наплатата на комуналната такса за користење и одржување на уличното осветлување пожелно би било преточување на обврските од потпишаниот Меморандум помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, во законското решение, за регулирање на меѓусебните права и обврски со ЕВН Македонија АД Скопје кое врши наплата на оваа такса.

Скопје 08.04.2011 година